Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 114, 2 декември 2013 година

декември 2013 година
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област комуникации во туризмот на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област клиничка медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Скрипта по Пракса во хотелско-угостителски објекти“ од д-р Нако Ташков, д-р Никола В. Димитров и д-р Дејан Методијески, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 21

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по Хотелиерство“ од д-р Нако Ташков и д-р Дејан Методијески, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 23

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Педијатрија - одбрани теми“ за студентите по стоматологија од насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 25

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Педијатрија со нега“ за студентите на Високата здравствена школа, тригодишни студии за физиотерапевти, од насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 29

**РЕЦЕНЗИЈА** на скриптата „Вовед во фармација“ од доц. д-р Бистра Ангеловска, асс. м-р Верица Ивановска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 33

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта со наслов „Ревизија (теоретски и практични аспекти)“ од доцент д-р Јанка Димитрова, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на скриптата со наслов „Осврт кон меѓународните стандарди за финансиско известување“ од доц. д-р Александар Костадиновски и доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип........ 42

**РЕЦЕНЗИЈА** на скриптата со наслов „Финансиска либерализација и финансиска стабилност” од доц. д-р Весна Георгиева-Свртинов, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 46

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Современи тенденции на јавното здравство” од проф. д-р Круме Николоски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 49

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Архитектура на компјутери“ од авторите д-р Игор Стојановиќ и асс. м-р Тодор Чекеровски, Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 53

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Автоматизација и процеси“ од доц. д-р Роман Голубовски, Електротехнички факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип........ 55

**РЕЦЕНЗИЈА** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно–научниот совет на единицата ........ 57

**ПРИГОВОР** поднесен од д-р Маргарита Матлиевска бр. 1707-349/1 од 15.11.2013 и 1707-349/2 од 20.11.2013 година ........ 58

**ОДГОВОР** по Приговор поднесен од д-р Маргарита Матлиевска бр. 1707-349/1 од 15.11.2013 и 1707-349/2 од 20.11.2013 година ........ 66

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА СКРИПТАТА СО НАСЛОВ „ФИНАНСИСКА ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА И ФИНАНСИСКА СТАБИЛНОСТ" ОД ДОЦ. Д-Р ВЕСНА ГЕОРГИЕВА-СВРТИНОВ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" -ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев"-Штип, како и Одлука бр. 1702-342/7 од 65-та редовна седница на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет, одржана на 11.11.2013 год., избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Михаил Петковски, професор на Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје и
- академик Таки Фити - професор на Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје.

Рецензентската комисија е формирана заради изготвување на извештај – рецензија на приложениот ракопис (скрипта) со наслов „**ФИНАНСИСКА ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА И ФИНАНСИСКА СТАБИЛНОСТ"** од доц. д-р Весна Георгиева-Свртинов, наменета за студентите од прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот.** Учебното помагало - скрипта „**Финансиска либерализација и финансиска стабилност**" од доц. д-р Весна Георгиева-Свртинов елаборира една вонредно комплексна, динамична и актуелна материја, односно проблематика, со неспорна релевантност за Република Македонија. Скриптата има вонредно солидна теоретска фундираност, во прв ред, благодарение на фактот што анализата е изведена со консултирање на обемна, современа и релевантна литература од областа. Заслуга на авторот и нејзин стручен и научен придонес во анализа на оваа материја е успешна примена на сознанијата од испитуваната материја врз конкретните состојби во македонската економија.

**Податоци за обем на ракописот.** Скриптата содржи 294 страници, од кои на последната страница се сместени релевантни библиографски единици. Сметаме дека обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**Податоци за постоење на ист или сличен наслов.** Една од најактуелните теми во современата економија е финансиската либерализација и нејзиното влијание на финансиската стабилност на земјите коишто ја спроведуваат. Актуелноста и релевантноста на елаборираната материја, пак, за нашата земја произлегува од фактот што Република Македонија, како мала и отворена економија и економија којашто ги сублимира битните карактеристики на економија во транзиција, мора процесот на либерализација на капиталната сметка да го имплементира со нагласена доза на претпазливост, имајќи ги предвид позитивните и негативните искуства на низа земји во развој (опстојно елаборирани во овој труд) и со нужен градуалистички пристап, т.е. со јасна временска секвенционираност на одделните чекори (повторно опстојно елаборирани во трудот). Во оваа смисла, трудот може да биде од интерес и за креаторите на економската политика во Република Македонија. Научниот придонес на трудот се однесува на можноста за користење на сите бенефиции кои можат да се добијат од финансиската либерализација, но и за заштита од негативностите кои таа ги носи, а кои особено се однесуваат на финансиската стабилност. Трудот, се

разбира, може да биде од особена корист на студентите (редовните и постдипломците) од економската струка, но и на поширок круг на интелектуалци, кои се интересираат за значајни општествени и економски теми.

**Краток опис на содржината на ракописот.** Материјата во трудот е структурирана во осум (главни поглавја), кои заемно се надополнуваат и претставуваат логична и конзистентна целина. Во продолжение посебно ќе ги поентираме најбитните квалитативни карактеристики на трудот:

**Прво,** комплексноста на материјата произлегува од фактот што либерализацијата на капиталната сметка не е изолирано прашање, прашање што може да се третира само по себе, туку напротив, станува збор за процес условен од истовременото и паралелно дејство на голем број фактори и детерминанти и процес со сериозен импакт врз клучни макроекономски сегменти и макроекономски агрегати на националната економија. Во овој контекст, посебно ќе ја истакнеме поврзаноста на процесот на либерализација на капиталната сметка со ефикасноста на алокација на ресурсите, стабилноста на финансискиот систем, приливите на капитал (странските директни инвестиции и портфолио пласмани) и нивната волатилност во епизоди на кризи, состојбата на девизните резерви, природата на клучните макроекономски политики (посебно монетарната политика), способноста на финансискиот систем и на економијата во целина да одговори на различни екстерни шокови и кризни нарушувања итн.

**Второ**, погледите на различни автори за природата и суштината на процесот на либерализација на капиталната сметка, како и нивните аргументи за користите што ги испорачува капиталната либерализација (слободните капитални текови овозможуваат оптимална меѓународна алокација на капиталот т.е. насочување на ресурсите кон точките на нивната најпродуктивна употреба, подобра диверзификација на ризикот, побрз развој на финансиските системи, зголемена флексибилност и респонзитивност на финансиските системи и на економиите на различни шокови и, во крајна линија, резултира во побрз економски раст и развој), но и за опасностите што таа ги носи доколку процесот е интензивен и не води сметка за градуалистичкиот пристап (оптималната алокација на ресурсите може и да изостане поради егзистенција на дисторзии во економијата и асиметрични информации на финансиските пазари, слободните капитални текови можат да бидат значајна причина за кризи - финансиски и економски или комбинирани, во услови на отсуство на ефикасна регулатива на финансиските пазари, да го зголеми степенот на макроекономска волатилност и сл.), се добро селектирани, објаснети и систематизирани.

**Трето,** авторот во анализа на материјата посебно внимание обрнува на потребата за градуално одвивање на капиталната либерализација и на неопходните предуслови и чекори кои земјите мораат да ги преземат за да ги превенираат евентуалните негативни импликации што можат да ги трпат од брзото „ослободување" на капиталните такови. Во овој контекст, авторот посебно ги потенцира следниве предуслови, претпоставки и чекори: намалување на инфлацијата и одржување на висока ценовна стабилност, намалување на буџетските дефицити и нивно одржување на разумно ниво, одржлив дефицит на тековната сметка на платниот биланс, воспоставување на солидна супервизија на сите сегменти на финансискиот систем, користење на индиректните инструменти на монетарната политика, временско секвенционирање на чекорите – на пример, најпрвин либерализација на тековната, а потоа и на капиталната сметка на платниот биланс итн.

**Четврто,** авторот на трудот следејќи ги и апсолвирајќи ги најновите промени во оваа динамична област, иако го прифаќа гледиштето за бројните користи што со себе ги носи капиталната либерализација, посебно го потенцира и фактот дека во економската литература, во бројните дебати посветени на проблематиката на капиталната либерализација, сè повеќе приврзаници добива и мислењето дека земјите во развој и економиите во подем мора да применуваат капитални ограничувања и контроли на одливите и посебно на движењето на шпекулативниот капитал. Ваквите мислења особено дојдоа до израз по азиската криза од 1997 година, а лекциите што беа извлечени од неа придонесоа дури и експертите од ММФ, кои дотогаш капиталната либерализација ја сметаа за клучна реформа во земјите во развој, да ги променат своите гледишта и многу попретпазливи да ја третираат оваа проблематика.

**Петто,** трудот ни нуди солидна и опстојна анализа на состојбите во доменот на приливот на капитал, на законската материја што ја регулира проблематиката на капиталната либерализација, на постигнатиот степен на либерализација на одделните трансакции по фази (стоки, лица, странски директни инвестиции, портфолио инвестиции и сл.), на чекорите што допрва следат, на дилемите врзани за т.е. трилема во доменот на монетарната политика, потребата од воспоставување на ново монетарно правило наспроти де факто фиксниот курс итн. Притоа, ваквите истражувања се проследени со бројни сугестии (извлечени од користењето на современата литература и од искуствата на земјите во развој) за успешно спроведување на процесот на капитална либерализација кај нас и за избегнување на можните негативни ефекти и опасности по економијата доколку не се води сметка за постојаните ограничувања и нужноста од временско секвенционирање на процесот.

## М И С Л Е Њ Е

Учебното помагало - скрипта „Финансиска либерализација и финансиска стабилност“ од доцент д-р Весна Георгиева-Свртинов анализира еден од најзначајните трендови во светската економија - економската глобализација и повисокиот степен на финансиска интеграција, кои придонесуваат да се јави потреба од либерализација на капиталната сметка. Посебен акцент е ставен на капиталната либерализација во Република Македонија и на поволностите што таа ги нуди за нашата економија. Од друга страна, се објаснува како со либерализацијата на капиталните трансакции целиот систем на Република Македонија се отвора и станува осетлив на движењата и на процесите кои може капиталот да ги направи.  Поради тоа, трудот е од интерес и за креаторите на економската политика во нашата земја, т.е. можноста за водење на оптимална монетарна политика, со која ќе бидат искористени сите поволности што ги нуди финансиската либерализација, а во исто време минимизирање на сите нејзини потенцијални трошоци, како и одржување на финансиска стабилност.

Значењето на оваа проблематика особено доби значење за време на последната глобална финансиска и економска криза, која всушност претставуваше криза на глобализацијата. Зголемена интернационализација на тековите на капитал предизвика ефект на „зараза“ и ги зголеми стравовите за можните реакции против глобализацијата.

Имајќи ги предвид изнесените квалитативни карактеристики на овој труд, сметаме дека трудот треба да биде публикуван и да стане достапен за пошироката стручна и научна јавност во Република Македонија.

**Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Штип да му предложиме учебното помагало (скрипта) со наслов „Финансиска либерализација и финансиска стабилност“ од доц. д-р Весна Георгиева-Свртинов да го одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Михаил Петковски, с.р.**
**Академик Таки Фити, с.р.**